Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

*Бр. 05-2345/3*
*Скопје, 10. 11. 2020 година*

*Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-13/3 од 05.10.2020 година, Министерот за правда, м-р Бојан Маричиќ ја донесе следната:*

# *О Д Л У К А*
## *за набавка на услуга – редовно превентивно одржување на веќе постоечки апликативен софтвер за трезорско работење*

1. *За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на услуги и тоа:* ***Редовно превентивно одржување на веќе постоечки апликативен софтвер за трезорско работење****.*

1.1. *Предмет (вид) на набавка:* ***Редовно превентивно одржување на веќе постоечки апликативен софтвер за трезорско работење****.*

1.2. *Предметот на набавката е неделив од причина што е поцелисходно набавката од ист вид да биде извршена од еден економски оператор заради економичност при постапувањето и при реализација на договорот.*

2. *За реализација на набавката од точка 1 од оваа одлука обезбедени се средства потребни за обезбедување на јавната набавка со проценета вредност во износ од 90.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од 16.200,00 денари односно 106.200,00 денари со вклучен ДДВ.*
   *Средствата се обезбедени од Буџетот на Министерството за правда за 2020/2021 година.*
   *Плаќањето ќе се изврши од редовната буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424.*


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

3. *Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка:*
   *Јавната набавка од точка 1 на оваа одлука, ќе се спроведе согласно член 55 став 1 алинеја 3 од Законот за јавни набавки, односно со спроведување на постапката со преговарање без објавување оглас за доделување на договор за на услуги – **Редовно превентивно одржување на веќе постоечки апликативен софтвер за трезорско работење**.*

4. *Критериум за избор на најповолен понудувач, согласно член 99 е економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведување на електронска аукција преку ЕСЈН.*

5. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.*

6. *Плаќањето ќе биде вирмански, по извршување на услугата која е предмет на набавка во законски утврдениот рок од денот на приемот на фактурата во архивата на Министерството за правда.*

7. *За целосна реализација на постапката се формира Комисија за јавни набавки при Министерството за правда во состав:*

   *Претседател: Нофка Стојанова*
   *Членови: Флутра Реџепи*
   *Филип Лазаревски*

8. *Се задолжува Комисијата од точка 7 од оваа одлука во целост да ја спроведе и реализира постапката за набавка со доделување на договор за набавка согласно одредбите од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.).*

9. *Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиниото донесување.*

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Согласно важечкиот Закон за јавните набавки за доделување на договор е избрана постапка со преговарање без објавување на оглас, согласно член 55 став 1 алинеа в), "Договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без претходно објавување на оглас за јавна набавка за стоки, услги или работи, доколку стоката, услгата или работата може да ја обезбеди само еден економски оператор од следната причина - за заштита на ексклузивните права, вклучувајќи ги и правата од интелектуална сопственост".*
*Поконкретно се работи за следното: Во Министерството за правда покрај инсталираниот апликативен софтвер од СОЗР за финансиско – материјални работи, составен од: модул за плата и персонални податоци, модул за финансиско сметководство, модул за материјална евиденција и модул за попис, во 2008 година е спроведена набавка и е набавен дополнителен апликативен софтвер за трезорско работење и евиденција и следење на буџетот. Согласно препораките од Државен завод за ревизија искажани во Конечниот ревизорски извештај за 2011 година, меѓу другото во една од препораките беше наведено Министерство за правда во идните планови за развој на ИТ да внесат нови технологии, а се со цел унапредување на работењето. Министерството за правда пристапи кон спроведување на набавка на апликативен софтвер за трезорско работење во делот на благајничко работење; надградба и одржување на веќе постоечкиот софтвер за трезорско работење во делот за О1 образец и изработка и одржување на апликативен софтверски модул кој ќе врши евиденција и следење на решенијата за потреба од јавна набавка и договорите од јавните набавки.*

*Како резултат на претходно спроведената набавка на апликативен софтвер за трезорско работење и евиденција и следење на буџетот во 2008 година, се склучил Договор со избраниот најповолен понудувач Инфо Софт Инг – Скопје. Од причина што Инфо Софт Инг – Скопје го поседува и изворниот код за истиот, а согласно законот за авторски права сите измени и надградби на постоечкиот софтвер може да ги прави само фирмата сопственик на изворниот код, Министерството за правда согласно член 55, а во согласност со член 45 од ЗЈН поднесе барање до Бирото за јавни набавки за добивање на мислење за спорведување на постапка со преговарање без објавување на оглас со број 05-2345/1 од 16.10.2020 година по што од страна на Бирото за јавни набавки е дадено позитивно мислење дека се исполнети условите за*

*спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас број 05-2345/2 од 27.10.2020 година.*

*Согласно горе навњеденото Министерството за правда ќе спроведе постапка со преговарање без објавување на оглас, за Набавка на услуга за редовно превентивно одржување на веќе постоечки апликативен софтвер за трезорско работење за потребите на Министерството за правда.*

***МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА***
***м-р Бојан Маричиќ***

*Доставено до:*
*-Комисијата за јавни набавки*
*-Секторот за финансиски прашања*

***Подготвила:** **Марина Миновска, советник***
***Одобрила: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор***


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification